**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**Од Триесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 10 декември 2008 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 13,08 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше гопоѓата Светлана Јакимовска,потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Светлана Јакимовска:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам Триесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, свикана по повод 60 годишнината од донесувањето на Универзалната декларација за правата на човекот.

Не седницата се поканети: Претседателот на Република Македонија, господин Бранко Црвенковски, претседателот на Владата на Република Македонија господин Никола Груевски, претседателот на Уставниот суд на Република Македонија, претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, претседателот на Судскиот совет на Република Македонија, Јавниот обвинител на Република Македонија, Народниот правобранител, замениците претседатели на Владата на Република Македонија, министрите на Владата на Република Македонија и шефовите на странските дипломатско конзуларни мисии акредитирани во Република Македонија и други гости.

Дозволете ми од мое и ваше име да ги поздравам присутните гости.

Му давам збор на Народниот правобранител, господинот Иџет Мемети, повелете.

**Иџет Мемети:** Почитуван потпретседател на Собранието на Република Македонија, почитувани екселенции, пратеници, дами и господа.

Денеска ми претставува особено задовлство, што токму на овој свечен ден имам можност да зборувам и да потсетам на заложбите на идејните творци на Универзалната декларација на чоевековите права, усвоена пред 60 години на денешен ден и поради тоа, го поздравувам чинот на закажување на оваа свечена седница од страна на претседателот на Собранието на Република Македонија.

Денес, воедно говорам и по повод 10 годишната од работата на Институцијата Народен правобранител на Република Македонија, која одлучив да ја прославиме токму денес во чест на 60 годишнината од усвојувањето на Универзалната Декларација за човековите права.

Пред 60 години на овој ден земјите членки на Обединетите нации се согласија да ја прогласат Универзалната Декларација за човековите права како општ станадард што треба да го достигнат сите луѓе и нации. За таа цел секој поединец и секој орган на општеството, секогаш имајќи го предвид овој докумнет ше се стреми преку подучување и образование да го промовира почитувањето на правата и слободите содржани во декларацијата и преку прогресивни национални и меѓународни мерки, ќе обезбеди нивно општо и ефикасно признавање и почитување меѓу народите на земјите членки и меѓу народите на териториите под нивна јуриздикција. Идејните творци на овој документ го направија тоа, затоа што сметаа дека е потребна гаранција за признавањето на вроденото достоинство и на еднаквите и неотуѓиви права на сите членови не човештвото, бидејќи тоа се темилте на слободата, правдата и мирот во светот. Тие го направија тоа бидејќи светот го почувствува хоророт на двете светски војни, во кои токму непочитувањето и омаловажувањето на човековите права резултираа со варварски постапки што претставуваа навреда на човековата совест и бидејќи создавањето на свет во кој луѓето ќе ја ужуваат слободата на говор и убедување и ќе бидат ослободени од стравот на војна и сиромаштија, ги прогласија како најглем идеал на сите луѓе. Со тоа, народите на Обединетите нации ја потрдија нивната верба во основните човекови права во доспинството и врдноста на човековата личност и во еднаквите права на мажите и жените и се одлучија да го потпомагаат општествениот напредок и подобрите животни стандарди, во услови на поголема слобода. Ова бидејќи се опбрза да го издгинат универзалнот почитување и следење на човековите права и слободи и бидејќи прогласија дека општото разбирање на овие права и слободи е од најголемо значење за целсно спроведување на нивната заложба.

Почитувани дами и господа, тоа беше идејата на творците на Универзалната Декларација за човековите права, која претставуваше темел на новата ера во разбирањето на човекот и целокуноста на односите во едно општество и во светот во глобала. Ера во која народите започнаа да работат на унапредување на системските врдености во насока на унапредување на човековите слободи и права за никогаш повеќе да не се случат стравотиите што луѓето ги искусија во периодот на двете светски војни.

За жал, иако таквата заложба придонесе во насока на унапредување на разбирањето и почитвањето на човековите права, не придонесе за целосно искренување на војните, насилството, сиромаштијата и ред други сериозни повреди на човковите права, со кои човештвото се уште се соочува.

Прославувањето на годишнината од усвјувањето на Универзалната Декларација за човековите права, секогаш треба да претставува причина повеќе да размислиме до каде ние како општество сме стасале во достигнувањето на идеалите оваа Декларација.

Со оглед на тоа дека овој документ и покрај големината и заложбите кои ги содржи, не може да претставува единствена гаранција за унапредување на степенот на почитување и остварување на човековите права од прогласувањето на Универзалната Декларација за човековите права до денешен ден, донесени се и усвоени бројни документи, во кои освен поконктрено што се дефинираат слободите и правата, се утврди и потреба од механизми кој ќе го следат остварувањето и почитувањето на човековите права, но и ќе ги штитат кога токму системот ќе затаи и на тој начин истиот ќе продинесе во нивното кршење.

Институцијата Народен правобранител е токму тој механизам кој е востановен да ги следи состојбите од аспект на остварувањето и почитувањето на чоевковите слободи и права и да ги штити кога ќе констатира дека се повредени од орган на државната управа, или од друг орган или организација со јавни овластувања.

Република Македонија овој механизам го востанови со свјот прв Устав како механизам и како независна и самостојна држава имајќи предвид дека во истиот предвиде широка лепеза на граЃански и политички права, кои заседоа централно место во нашиот Устав. А владеењето на правото и правната држава се дефинираат како основни принципи.

Говорејќи за фактот дека оваа институција е демократски изум, пред се, индициран на спецификата на нејзиното дејствување, без присилен инструментариум, односно со методи кој одат во насока на хуманизација на човековите односи, навлегувајќи длабоко во нивните корени, со тоа што разбирањето и нивната неопходна потреба ги прави достапни за сите граѓани. Ова поради фактот што неговите дејствија, кои пред се се насочени кон работењето на управата, немаат за цел само да ја критикуваат работата на органите кои секојдневно одлучуваат за правата на граЃаните, туку да го потткнуваат чувството за правичност кај државните службеници и потребата за почитувањена законитоста во спроведувањето на постапките што значи и досигнување на правдата како највисок приоритет, а со тоа и ќе ја трансформираат управата како што сите ја посакуваме, како вистински сервис на граѓаните. Институција со која едно општесво со демократски принципи на управување, не може да се замисли, особено во земјите што го поминуваат транзициониот процес и кои се соочуваат со потешкотии во справуваањето со администрацијата, која се уште пројавува бирократски начин на однесување.

Со оглед на тоа што принципот на владеењето на правото наметнува почитување на човековите права и слободи, Народниот правобранител се јавува како механизам кој суштински придонесува во фукнционирањето на принципот на владеење на правото, бидејќи неговата основна надлежност е заштитата на човековите слободи и права, гарантирани со домашното законодавство и со меѓународните акти.

Институцијата Народен правобранител во Република Македонија постои веќе 10 години и говорејќи од аспект на нејзината поставеност, во нашиот правно политички систем, слободно можам да кажам дека ги има сите неопходно препоствки за успешно фунционирање кое сепак е потребно во одредени сегменти и да се унапредат. Таа денеска претставува механизам без кои демократските процеси во државата не би можеле да се одвиваат, особено имјеќи предвид деак нашата држава јасни и транспарентно ја покажа својата спремност и волја да го изоди патот кој води кон семејството на државите членки на Европската унија. Развивањето на институцијата во согалсност со современите текови, односно нејзината децентрализација и формирањето на регионалните канцеларии, што не е само резултат на политичка волја, туку и согледување на потребите за доближувањена граѓаните, јасно говори дека овој сегмент или механизам во државата се развива во согласност со потребите на граѓаните и нивните права, што е есенцијален момент во остварувањето н а функцијата Народен правобранител.

Во досегашното работење се покажа дека Народниот правобранител претставвува сегмнет кон кој граѓаните покажуваат доверба, а од друга страна и сегмент преку кој Владата може и те како да се запознае за неправилностите во нејзиното функцинирање на еден објективен и непристрасен начин.

Оттука, почитувани дами и господа, годишните извештаи на Народниот правобранител, извештаиите на релавантните меѓународни инситуции кои реално ја отсликуваат состојбата со човековите права, треба да претставуваат основ за превземање на соодветни мерки и активности за надминување на слабостите на системот. Минувајќи го процесот за востановување институцијата се соочува со непочитување од страна на државните органи, односно со неприфаќање на нејзината улога во општеството.

Против ваквите негирања на неговата функција Народниот правобранител сепак продолжи упорно да дејствува во правец на востановување соодветна комуникација со органите на власта. Сето тоа не би можело да се каже дека вроди со потполно позитивен исход, односно со принципиелно однесување и почитување на уптениет препораки, но се постигна напредок, па и респект што продонесе случаите што ги третира нашата институција да се завршуваат во поголема мера позитивно од аспект на остварување на правата на граѓаните.

Меѓутоа дами и гопсода, тоа не значи дека сме го постигнале соодветното ниво на соработка која би резултирало до ефективно и доследно постапување по барањето на граѓаните и би ја згломило нивната верба кон институциите на

општеството. Напротив, сеуште постои тренд на постапуивање од формален карактер. А суштинскстата соработка со институцијата Народен правобранител и понатаму изостанува, со што и се оневозможува целосно остварување на неговата функција.

Не трба да се заборави дами и гопсода, дека и покрај и сите неоподни законски претпоставки за фунционирање сепак е неопходно потребна подршак од сите органи и организации, токму поради фактот што дејствијата на Народниот Правобранител немаат карактер на присилни мерки.

Од друга страна, востанувањето на региониалните канцеларии што се предвидени со закон за Народен правобранител во 2003 година и неговата уставна законска надлежност да превзема дејствија за заштита на начелата на недискриминација и соодветна и правична застапеност на пропадниците на заедниците во органите на државаната власт, исто така придонесе да биде уште понагласена неговата улога во нашето општество, ако се има предвид дека тоа е во соглсност со тековите во државата кои водат кон воспоставување систем на односи кои ќе илустрираат мултиетничка доверба меѓу граѓаните, што е нужниост за мирно живеење и просперитет во општеството.

Почитувани дами и господа, негувањето на толаранцијата и разбирањето на различностите меѓу заедниците е темел за стабилно и здраво општество. Отткуа од големо значење е начинот на кој ќе се постави Народниот правобранител, токму во оваа насока. Ставот на Народниот правобранител за прашања од таква деликатна природа во голема мера е важен ако се има предвид дека во мултиклутурните општества секогаш постоело и постои опасност за појава на конфликт.

Друго е прашањето што во Република Македонија сеуште не е донесен закон за недискриминација, ниту пак тоа е регулирано соодветно со постоечките законски одредби. Фактот дека граѓаните во мал број поднесуваат претставки за дискриминација, не значи дека овој феномен го нема во Република Македонија. Напротив, постои во многу форми, но граѓаните не можат да го идентификуваат. Па оттука и не знаат како да се заштитат. Се надевам дека со донесувањето на законот за заштита од дискриминација, голем дел од проблемите на ова поле., од аспект на истржувањата на случаите, ќе се надминат, но и улогата на Народниот правобранител ќе биде токму во овој сегмент понагласена. Впрочем, тоа и Уставот го налага.

Истото се однесува и на прашањето поврзано со тортура и друго сурово нехумано или понижувачко постапување, или казнување, за што верувам дека со ратификацијата на факултативниот протокол кон конвецијата против тортура и соодветните измени на Законот за Народен правобранител, Народниот правобранител конечно ќе може брзо, ефикасно и целосно да ги утврдува состојбите и да покренува и овозможува соодветни постапки за одговорност за овие сериозни повреди на човековите права.

Дами и господа, овие прашања се од големо значање за нашиот натамошен развој на планот на човековите права.

Усвојувањето и донесувањето на меѓународните документи и закони не значи гаранција дека правата и слободите на човекот на едно општество ќе бидат почитувани. Не. Свеста е она што го прави општеството да биде одговорно и да ги почитува правата кои се обврзало дека ќе ги почитува, а тоа е процес на кој ние уште треба да работиме.

Главните предизвици со кое се соочуваме во нашата работа не е само формално-правниот карактер, напротив, дами и господа, основна пречка во целосното имплементирање на препораките и барањата за законито и доследно работење и понатаму претставува односот и разбирањето, односно неразбирањето на државните службеници на институцијата и функцијата Народен правобранител во општеството. Критиките понекогаш наместо да бидат разбрани на начин кој би резултирал со надминување на слабостите и заштита на правата на граѓаните некогаш се толкуваат како напад и кон нив не се постапува со должно внимание, иако имаат за цел да помагаат во доследното и законитото остварување на правата на граѓаните, со што придонесуваме кон унапредување на односите на органите на власта и граѓаните.

Почитувани дами и господа,

Република Македонија се определи за патот кој води кон целосно унапредување на демократските процеси во општеството. Пат кој пред се треба да биде обележен со заложби за постигнување на соодветно ниво на почитување на човековите слободи и права. Оттука, соодветната имплементација на препораките на Народниот правобранител ќе значи и чекор напред во разбирањето и свеста за човековите права кој го илустрираат нивото на демократијата во едно општество.

Од тие причини сакам да потенцирам дека треба да се надмине јазот кој постои меѓу она што е декларативно изразена волја и она што значи практична реализација.

Дами и господа,

Живееме во време кое во голема мера е обележано со глобални немири, кои значат сериозен атак врз помалиот аспект на човековото егзистирање, поради што ценам дека нашите напори за ефикасно функционирање ги надминуваат границите на општествата во кои живееме и се движат во насока на она што претставува стремеж на целиот свет, а тоа е хуманизација на човечките односи и воспоставување глобален поредок кој ќе се карактеризира со високи принципи и свест за

потребата од почитување на човековите права. Благодарам.

(аплауз)

**Светлана Јакимовска:** Ви благодарам господине Иџет Мемети.

Има збор пратеникот господин Васко Шутаров, повелете.

**Васко Шуратов:** Благодарам госпоѓо потпретседател.

Почитувани дами и господа, колеги, екселенции, претставници на извршната власт,

Денес Македонското Собрание има чест да ја поздрави и прослави 60 годишнината од донесувањето на Универзалната декларација за човековите права, најпреведуваниот пишан документ после библијата, напишан на писмата на 335 јазици и дијалекти. Духовните творци на Декларацијата, три години после најголемиот судир на цивилизациите, Втората светска војна, одлучиле на обичниот човек, на обичните маж, жена и дете да им ги вратат природните основни права, давајќи им историска длабочина и глобална широчина. Елеонор Рузвелт, поранешната прва дама на САД ќе каже: Декларацијата би можела да биде Магна карта на современото човештво. Темелена на најдобрата традиција на граѓанското право, на најдобрите пракси од Англиската Магна карата, Француcкат револуција и просветителство, Американскиот устав створена како објава на цели и стандарди кон кои треба да се стремат сите држави и влади, Универзалната декларација го започнува својот животен пат кој никогаш не бил ни лесен ни праволиниски. Со Универзалната Декларација отворен е пат настојувањето за заштита и унапредување на тие права да се водат на најширок можен план како во територијален смисол за сите држави во светот, така и суштински за сите човекови права заедно.

20 години после донесувањето на Декалрацијата во 1968 година, значи пред 40 години, на Меѓународната конференција за човековите права одлучено е дека Декларацијата претставува обврска за сите членки на меѓународната заедница преку двата правно обврзувачки договори, Меѓународниот пакт за граѓански и политички права и Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права. На хоризонтите на Универзаланата Декларација како голема правна подршка се и Европската конвенција за заштита на човековите права и слободи од 1950 година, Американската конвенција за заштита на човековите права од 1969 година, Африканската повелба за заштита на човекот и народите од 1981 година, Повелбата за основните права на Европската унија од 2000 година.

Универзалната Декларација, најголемата кодификација на природните права, во историјата на правната култура претставува прав извор од кој произлегува грст правни документи од универзален и регионален карактер во кои се инкорпорирани сите права и таканаречените права од првата, втората и третата генерација права, кои заедно прават нов глобален правен поредок кој почива на културата на разумот и доблеста на правдата, преводлив и применлив низ сите културни и морални обрасци на земјината топка.

Декларацијата и после 60 години од своето донесување и понатаму претставува светилник на надежта и инспирација за милион мажи, жени и деца. Што е она што ја чини универзаланата Декларација толку моќна, толку примамлива и толку заводлива за целиот човечки род? На неа се повикуваат сите модерни устави на модерните држави, на неа се повикуваат милиони луѓе и во добро и во зло. Магичноста на преамбулата и 30-те одредби на Декларацијата е во нејзиното враќање кон основните човекови потреби, човечни вредности кои низ историјата доживувале своја честа деградација. Има ли поголема сила од едностаниот слет на зборовите: Секој има право на живот, слобода и безбедност на личност.

Основното егистационално право разбирливо и за прачовекот, првиот хомо примигениус разбирливо и за новиот човек на модерните времиња хомо контенпорарис. Има ли поголема победа на човековото рацио од целината на одредбите кои велат: Сите луѓе се раѓаат слободни и еднакви, во достоинство и правда, сите права и слободи му припаѓаат на секое лице, без разлика во поглед на раса, боја на кожа, пол, јазик, вероисповед, политичко или друго мислење, национално или општествено потекло, имотна состојба, раѓање. Или сетот одредби кои на современиот хомо политикус му ги исцртуваат слободите на мисла, совест, слобода на мислење и изразување, слободата на мирно организирање и здружување, правото на управување со јавните работи или правото на рамноправно основа да стапува во јавна служба, во својата земја, правото на социјална сигурност или животен стандар кој ќе му обезбеди здравје и благосостојба.

Правата кои го мотивираат секој модерен хомо луденс, правото на одмор и разонода или мотивирачките права од сетот посветени на современиот хомо деменс, право да се учествува во културниот живот, да се ужива во уметноста, достретелите на науката.

И образованието е важен партнер во промоцијата на човековите права преку правото на бесплатно школување, преку правото техничката и стручната настава да биде достапна на сите подеднакво. И навистина кој би одолеал да не излезе воодушевување од овие суштински човекови потреби и вечни тежнеења кон нив.

Ќе ми дозволите почитувани и јас да се вбројам во оние кои во секој збор од Декларацијата ги чувствуваат сите вертикали на човековото суштествување како сликите на Леонардо, како музиката на Моцарт, како зоборовите на Гете, на Шекспир, на Толстој.

Универзалната декларација за човековите права јас ја разбирам како своевиден врв на културата на умноста, за поправеден универзум на правото. Знам дека многумина ќе се согласат со мене дека сите сме дело на природата, сите сме и дел од природата. Ако сме еднакви во доаѓањето во доаѓањето на овој свет и еднакви во одењето од овој свет, кому тогаш да му се обратиме за правдата. Колку сме далеку или близу до праведното право за сите и праведната примена на истото, дали е секое право и човеково право. Имаат ли шанса помалите, послабите да се изборат за своите права покрај силните и моќните. Многу лесно е да се донесе Декрет за основање на некоја финансиска светска институција која ќе се бави со проблемите од светската глобална економија. Преку ноќ може да се донесе Декрет со кој што се основаат или раздружуваат воени политички сојузи. Многу тешко е со Декрет да се основат и одржат основните човекови права. Зошто е тоа така. Одредени метаправни ограничувања влијаат на легалитетот на човековите права. Исцртувањето на границите на основните човекови права и слободи зависат од многу работи како што се состојбите на универзалната свест и совест, јавното мнение, медиумската научна и стручна опсервација, политичката зрелост, култура, просветеност, степенот на моралната еманципација, економската инспирација и работната етика, социјалниот капитал и степен на социјална кохезија, вообичаени или обичајни правила на однесување, довербата во заедничките норми, верскиот контекст и културолошката матрица, техничката и информатичката образованост. И кога би ги изброиле силата на слободите и правата и силата на нивните ограничувања ќе си кажеме па добро штом и до овде сме дошле.

Концептот за унервеларизација на човековите права мора да се анализира и од аспект на реалното и од аспект на релативното имаќи ги секогаш предвид различните ракурси или диоптрии на културните матрици и цивилизациски вредности. Таму каде што правото на храна е сеуште мислена именка, таму каде просечниот век на живеење е 30-тина години, таму каде во милионските држави принципот на солидарност и колективитет понекогаш не му дава кислород на инвидуалното право, таму каде што сидата убива милиони мајки и деца, универзалноста на овие права е како река понорница која час се губи и понира, час извира во најубав сјај на некој друг земјин медириjан.

За Универзалната Декларација може да се искористи една метафора за да ја разбереме поубаво нејзината животна судбина. Да претпоставиме дека Декларацијата е еден автобус кој на денешен ден пред 60 години тргнал од пред палатата Шајо во Париз на еден долг пат по светот. На многу стојалишта на тој пат влегувале патници од многу држави, култури и цивилизации. Сите во автобусот внесувале нешто свое. Ако вие прифатите дел од мојата култура, спремен сум да го почитувам редот на возење и правилата на однесување. На некои станици се доградувале посилни инструменти, нови декларации, конвенции, пактови, на други станици некои патници излегувале од автобусот, но најбитно е дека автобусот како неспоредлив пертепум мобиле напојуван само со енергијата на хуманизмот и алтруизмот стигнал секаде. Силата и убавината на универзалното не е во униформното, туку во спектарот на различности во единството од различности. Од Тибет до Јужна Африка, од Аљаска до Огнената земја, од Финска преку Словенија, Македонија, Грција, Саудиска Арабија, Индија, Кина, секаде Универзалната Декларација денес е во нашиот храм на демократијата во Македонското Собрание, изворишно место за градење доверба и освојување на новите хоризонти на еден праведен свет за сите.

Нашиот скромен допринос кон светскиот ден на човековите права значи испраќање порака за можноста од заедничка мултикултурен, мултиетнички, мултиконфесионален соживот граден врз вековната пракса на меѓусебна почит и толеранција во единството на различностите на ова парче земја.

Република Македонија како неодолив дел од европскиот и глобалниот правен поредок со сите свои капацитети е спремна да се вклучи и во новите светски предизвици потсетувајќи повремено и на сите неправди кои ги доживува токму во тој процес. Борбата против глобалниот тероризам, борбата против смртоносните болести од светски размери, борбата против климатските промени и заштитата на човековата средина, галопирачкиот развој на генетичкиот инжинеринг, нуклеарната енергија, предизвици пред кои Универзалната декларација и Обединетите Нации мора да се соочат и да ги преточат во рамките на она што денес и во годините пред нас мноштво идни генерации ќе го слават како конечно “Хомо хомини хомо ест”, некое блиско идно време на кои сите заедно мора да му помогнеме во име на генерациите кои што доаѓаат, време во кое конечно човек на човека ќе му биде човек.

Нека ни е честит и вековит денот на човековите права и нека не води во секоја наша постапка и одлука и во приватниот и во јавниот живот подеднакво. Благодарам.

(Аплауз)

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Има збор пратеник Андреј Петров, повелете.

**Андреј Петров:** Благодарам.

Почитувана потпретседателке, претставници на Владата, почитувани гости, дами и господа, драги колеги,

Чест ми е денес да се обратам во има на пратеничката група на СДСМ на еден вака значаен настан како што е 60 годишнината од усвојувањето на Универзалата Декларација за

човекови права. Светската заедница пред 60 години се обиде да демонстрира силен заеднички одговор на страдањето на човештвото со консензус да се вклучи во превентивното делување за да се избегне повторувањето на мрачните лекции од минатото на многуте примери на прогонување на човекот и кршење на неговото достоинство. Сите големи катастрофи во својата основа го имале кршењето на човековите права. По 60 години оваа Декларација се покажува како основа врз која се заснова меѓународната заштита на човековите права. Борбата за правата на човекот треба да биде бескомпромисна. Сите права навистина треба да им припаѓаат на сите луѓе без разлика на раса, боја, пол, јазик, религија, политичко или друго убедување. Примарната одговорност ја носат владите, но и сите ние кои активно учествуваме во политичкиот живот. Извештајот на Стеј Департментот, на Советот на Европа и на други меѓународни институции укажуваат дека имаме уште доста работа во тој правец.

Тука треба да се потенцира дека некои основни права на човекот како што е правото на образование, правото на работа, правото на достоинствен животен стандард се императив во нашето време како што било и во времето на донесувањето на оваа декларација. Но исто така и презумкцијата на невиност и почитување на приватноста на човекот, заштита на интегритетот на личноста на семејството. Посебна грижа треба да се насочи кон правата на жените и децата. Нашето општество исто така има потреба од унапредување на овие права. Принципот на недискриминација во било која основа во нешто што мора да го браниме заеднички. Стигматизацијата по било која основа треба да ја отс траниме. Посебни конвенции ги регулираат овие права на основата на оваа декларација донесена пред 60 години. Особено треба да се помогне во овозможувањето на соодветна медицинска заштита на луѓето, во грижата за хендикепираните лица, на сите оние кои страдаат и на кои им е потребна помош на нашето општество.

Силно верувам дека заеднички ние можеме да изградиме просперитетна и одговорна држава. Овозможувањето на правата на малцинствата се единица мерка за демократскиот капацитет на општеството и тие треба постојано да се унапредуваат.

Малцинствата треба да бидат интегративен дел на секое општество, а не свет сам за себе. Богатството на светот е во различноста. Нашиот идеолог, на македонското ослободително движење Гоце Делчев го разбираше светот како поле за културен натпревар на народите.

Денеска тоа е реалност, меѓутоа реалност што треба да се подобрува и да се надградува. Културите и јазиците се историско наслседство. Нивното почитување е од големо значење. Повеќејазичноста е многу повеќе од глобален тренд. Таа е средство за топење на бариерите помеѓу народите.

Она што во оваа прилика, почитувани, сакам да го истакнам е дека е легитимната грижата за нашиот народ кој живее во соседството, кој исто така треба да ги ужива основните права на достоинствен живот. За жал, и таму каде што се признаени, тешко ги оствcovаруваме основните човекови права како што е правото на образование на мајчин јазик.

Тука, од особено значење е улогата на Високиот комесар за човекови права на ОН и Комесарот за национални малцинства на ОБСЕ. Нашата делгација во Парламентарното Собрание на ОБСЕ по ова прашње има единствен и натпартиски приод што е базиран на заедничката свест и значењето на ова прашање за нас.

Денеска, светот се соочува и со нови предизвици што треба да не загрижат, како што е тероризмот, интернет криминалот и т.н. Исто така трговијата со луѓе е проблем со што мораме да се соочиме. Проблем што, поради местоположбата, не може да ја одмине нашата земја, Република Македонија.

Дами и господа,

Можеби треба уште многу да се зборува. Оваа тема тоа го заслучува. Но, многу поважно е да се дејствува, многу поважно е повеќе од декларативно да се залагаме за тоа. Бидејќи, како што правобранителот истакна пред малку, свеста е она што го прави општеството одговорно.

Би завршил со членот 3 на Универзалната декларација - Секој има право на живот, на слобода и сигурност. Да работиме заедно за таа цел. Ви благодарам.

(Аплауз).

**Светлана Јакимовска:** Ви благодарам господине Петров.

Има збор госпоѓица Ермира Мехмети, повелете,

**Ермира Мехмети:** Благодарам почитувана госпоѓо потпретседател.

Почитувани министри, почитувани екселенции, почитувани пратеници, гости, дами и господа,

Навистина е задовослтво да се обраќаш не само пред Парламентот, туку и пред јавноста на Меѓународниот ден за правата на човекот.

60 години порано, на денешен ден Генералното Собрание на ОН ја прогласи Универзалната декларација за човековите права и слободи. После сите уништувања и Втората светска војна, Организацијата на народите усвои документ што претставуваше обид или напор на народите и нациите за кодификување на еден сеопфатен акт за правата и елементарните слободи на човекот.

Секако дека ова не беше првиот напор од овој вид, затоа што човековата историја се сеќава на документи и други акти што биле изготвени од страна на државите, се со цел за поставување на човекот и човековиот живт на највисокиот

пиедестал. Тука, се разбира е “Карта либертатум” од 1915 година и Законот за правата од 1969 година, Декалрацијата за независност од 1776 година и т.н. Слично, овој процес продолжил и по усвојувањето на Декларацијата или пак прогласувањето на Декалрацијата за човековите права со основањето на организациите што ќе се занимаваат со ова прашање, како што се Советот на Европа, воспоставување или усвојување на акти и документи што на детален начин и со посебен фокус би ги третирале прашањата на елементарните права и слободи на човекот. Значи, правата и слободите на човекот, како што е декларирано во 1948 година, навистина се идеал, заеднички идеал што народите, државите, нациите во продолжение се обидуваат да го постигнат. Ова се кажува на јасен начин во самата преамбула или воведот на Универзалната декларација во која што правата на човекот се прокламираат, институираат како заеднички идеал што треба да го достигнат сите народи и сите граѓани во светот.

Овој документ, правно гледано, за прв пат ги поврзува во еден унифициран акт цивилните права, политичките права, економските и социјалните и културните права на луѓето. Универзалната декларација плокрамира или ја потврдува слободата и рамноправноста меѓу сите луѓе, без оглед на расата, полот, јазикот, верата, политичкото убедување, потеклото, општествената класа или другите разлики. Прокламира рамноправност на сите луѓе пред законот и презункција на невиност. Прокламира право на слободно движење на луѓето, право на државјанство,слобода на мислење и изразување, како и слобода на здужување во асоцијации и здуженија со заеднички и исти убедувања. Гарантира или прокламира право на учествување во владеењето во државата преку кандидирање и учество на избори, со право на гласа. Прокламира право на образование за сите, право на социјално осигурување, право на работа, учество во културниот живот во општеството.

Универзалната декларација исто така, забранува ропство во сите форми, тортура, нехумано третирање и деградирачко третирање на луѓето, затворањето, арбитрарното затворање и нормално, ги забранува сите форми на дискриминација.

60 години подоцна, почитувани дами и господа, ние, граѓаните на светот, со право се прашуваме и прашуваме дали Универзалната декларација ги постигна или ги постигнува овие заеднички идеали, за што беше прогласена, овие заеднички идеали на народите и нациите кон кои се обраќаше или кон кои апелираше.

На крајот од 20-от век, на територијата на Европа се случија некои од најголемите криминали во човечката историја. Во 21-от век, во Африка повторно се јавува колера. На милиони жени и деца на Средниот Исток им е оневозможено право на образование, на работно место, социјално осигрување и достоинствен живот во општеството.

Во 21-от век луѓето продолжуваат без слобода на движење, им се оспорува основното право на избор или право на глас. Неброени се случаите на полициска бруталност, на арбитрарни притворања и затворања и злоупотреба на поединци или групи поради нивните убедувања. Цели народи во светот денеска се борат за нивното елементарно право, за употребата на јазикот, нивното право за образование на мајчин јазик и цели народи сеуште се борат за правото и признавање на нивното право на самоодлучување и цели народи и нации продолжуваат да се борат, всушност да ја војуваат битката за признавање на нивниот национален идентите, јазичен идентитет, етнички идентитет и други форми.

60 години подоцна, почитувани дами и госпoда, со право прашуваме дали сме ние рамноправни луѓе? Дали сме слободни луѓе? Што подразбира и што значи рамноправноста во контекст на денешните односи меѓу државите, меѓу наородите, меѓу нациите, до колку сакате?

Дали е компромитиран или сеуште не е компромитиран и заедничкиот идеал на народите, идеал што беше прокламиран и кодификуван во Универзалната декларација за човековите права?

Декларацијата се нарекува универзална, меѓутоа таа не може да има универзално третирање во еден свет што не е универзален. Во свет, каде што сеуште постојат недемократски режими, воени диктатури, цивилни војни, граѓански војни, оспорување на правата на жените, оспорување на правото на детето на образование и оспорување и ограничување на други елементарни права што ги прогласува и декларира оваа Декларација.

Фактот што денеска ја бележиме оваа годишнина покажува дека идеата на светот, каде луѓето се рамноправни и слободни, всушност не е компромитиран идеал. Останува идеал, намера. Сите ние работиме за реализација на истиот идеал.

Активностите, како денешнава, треба да бидат порака за посветеноста на народите, на државите за повторно да се истакне значењето на Декларацијата, содржината на Универзалната декларација, како предуслов за достоинствен живот за сите луѓе. Унапредувањето на правата и слободите на човекот, поставување на истите на највисок постулат во државата, постојано внимание и гржа за истите и неповредување на истите права е одговорност на сите, на владите, на меѓународните организации, на граѓанското општество. Сепак, најмногу е наша одговорнсот, носители на јавни и политички функции и одговорности што треба постојано, со посебно внимание и разбирање, сфаќање, да го третираме, унапредиме и на овој начин да го обезбедиме тоа што е наша намера пред се, а тоа е демократско општество, слободно општество со рамноправни права за сите. Ви благодарам.

(Аплауз)

**Светлана Јакимовска:** Благодарам госпоѓице Мехмети.

Констатирам дека 34-та седница на Собранието на Република Македонија е завршена. Ви благодарам.

(Седницата со работа заврши во 14,00 часот)